РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
Управа за хидрометеоролошки работи
Drejtoria për punë hidrometeorologjike
Бр.-Nr. 04-475/12
26.07.2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 22 став (1) алинеја 1 од Законот за работните односи ("Службен весник на РМ" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 23/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 127/16, 120/18 и Службен весник на РСМ број 110/19, 267/20 и 151/21 и 288/2021) и член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ" Бр.27/14, 199/14, 127/16, 35/18 и „Службен весник на РСМ" број 143/19 и 14/20), Управата за хидрометеоролошки работи објавува

# ЈАВЕН ОГЛАС

## За вработување на 2 (две) лица во Управата за хидрометеоролошки работи, на неопределено време

Управата за хидрометеоролошки работи објавува оглас за вработување на 2 (две) лица на неопределено време за следните работни места:

1. **Магационер**, во Одделението за општи и правни работи, Сектор за општи-правни работи, меѓународна соработка и односи со јавност - 1 извршител

*Посебни услови*

- ниво на стручни квалификации според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180/240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или средно образование – Средно економско училиште или Гимназија
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, германски или француски)
- со или без работно искуство во струката

*Распоред на работно време*

- Работни часови неделно: 40
- Работно време: Од понеделник до петок од 07:30-08:30 до 15:30-16:30 часот
- Паричен износ на основната нето плата: 18.000,00 денари месечно

НАПОМЕНА: Предвидени вработувања согласно годишниот план на институцијата за 2022 год. се: Албанец/ка (1)

2. **ВКВ работник за одржување на опрема (оператор на систем),** во Одделението за општи и правни работи, Сектор за општи-правни работи, меѓународна соработка и односи со јавност - 1 извршител

*Посебни услови*

- ниво на стручни квалификации според Македонската рамка на квалификации и стекнати 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или средно образование – Средно машинско училиште;

- со или без работно искуство во струката

*Распоред на работно време*

- Работни часови неделно: 40
- Работно време: Од понеделник до петок од 07:30-08:30 до 15:30-16:30 часот
- Паричен износ на основната нето плата: 18.000,00 денари месечно

НАПОМЕНА: Предвидени вработувања согласно годишниот план на институцијата за 2022 год. се: Турчин/ка (1)

***Општи услови потребни за двете работни места***

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место,
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност

Кандидатите пријавени за работните места, со пријавата треба да ги достават доказите за исполнување на условите во оригинална форма или фотокопија заверена кај нотар и тоа:

- Доказ за државјанство
- Доказ дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност
- Уверение/Диплома/Свидетелство за завршен степен на образование
- Кратка биографија со задолжителен контакт телефон и адреса
- Писмо за мотивација

Рок за доставување на пријавите изнесува 3 работни дена сметано од наредниот ден на објавување на јавниот оглас (несметајки го денот на самото објавување). Одлука за избор ќе биде донесена согласно член 23 од Законот за работни односи. Условите наведени во огласот кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Пријавата со потребната документација треба да се достави до архивата на Управата за хидрометеоролошки работи или по пошта на адреса:

Управа за хидрометеоролошки работи
Улица Скупи Бр.28, 1000 Скопје
(со назнака “ оглас за вработување“)
Контакт број (02) 3097-004

Ненавремените, и некомплетни пријави нема да се разгледуваат.

Управа за хидрометеоролошки работи